Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
СКОПЈЕ

| Примено: | 04-08-2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 2793/6 | | |

[redacted]
Рок на чување: ______
______ 20 ___ год.
Потпис.

Архивски бр. 15-5633/4

Дата: 31.07.2014

Ваш бр. 08-2793/4 od 13.05.2014 г.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Јавно претппрјатие за дршавни патишта
Ул. Даме Груев бр.14
1000 Скопје

Предмет: Достава

Во врска со Вашето барање за Услови за планирање на просторот бр. 15-5633/1 од 14.05.2014 год. за издавање Решение за изработка на **Проект за инфрастуктура за „Реконструкција и рехабилитација на регионалниот пат Р2235 , делница Бунец- Леуново- Никифорово“, Општина Маврово и Ростуша,** Ви го доставуваме Решението за Услови за планирање на просторот и Елаборат за услови за планирање на просторот со тех. бр. 18614 изготвен од Агенцијата за планирање на просторот - Скопје.

**МИНИСТЕР**
**Nurhan Izairi**

Изработил : Драган Палоски

Одобрил:Виолета Дракуловска

Прилог:- Решение за Услови за планирање на просторот 15- 5633/4
-Елаборат за Услови за планирање на просторот тех. бр. 18614

Врз основа на член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05), а во врска со член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2004), Министерот за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето на Јавно претпријатие за државни патишта, го донесе следното:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 15-5633/4
31.07.2014 20 год.
СКОПЈЕ

## РЕШЕНИЕ
### за Услови за планирање на просторот

1.Со ова Решение на Јавното претпријатие за државни патишта, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Проект за инфрастуктура за „ Реконструкција и рехабилитација на регионалниот пат Р2235 , делница Бунец- Леуново- Никифорово", Општина Маврово и Ростуша.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 од ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. Бр. **18614** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на **Проект за инфрастуктура за „ Реконструкција и рехабилитација на регионалниот пат Р2235 , делница Бунец- Леуново- Никифорово", Општина Маврово и Ростуша**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија.

### Образложение

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2004), Јавно претпријатие за дршавни патишта, поднесе барање бр 15-5633/1 од 14.05.2014 г. за издавање Решение за услови за планирање за изработка на Проект за инфрастуктура за „ Реконструкција и рехабилитација на регионалниот пат Р2235 , делница Бунец- Леуново- Никифорово", Општина Маврово и Ростуша.

За изготвување и донесување на овие планови, Министерството за животна средина и просторно планирање во рамките на своите надлежности издава Решение за услови за планирање на просторот.

Согласно член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.51/05 , 137/07 , 91/09 , 124/10 ,

18/11, 53/11, 144/12 и 55/13), Агенцијата за планирање на просторот, ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Проект за инфрастуктура за „ Реконструкција и рехабилитација на регионалниот пат Р2235 , делница Бунец- Леуново- Никифорово“, Општина Маврово и Ростуша.

Условите за планирање се издаваат за изработка на Проект за инфрастуктура за „ Реконструкција и рехабилитација на регионалниот пат Р2235 , делница Бунец- Леуново- Никифорово“, Општина Маврово и Ростуша,претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирање на просторот.

Заклучните согледувања дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија преставуваат обврзувачки активности во понатамошно планирање на просторот.

Министерството постапувајќи по член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2004), **оцени да издаде Решение за услови за планирање на просторот** за изработка на **Проект за инфрастуктура за „ Реконструкција и рехабилитација на регионалниот пат Р2235 , делница Бунец- Леуново- Никифорово“, Општина Маврово и Ростуша.**

Врз основа на горе наведеното, а согласно член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05), Министерството одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПОУКА:** Против ова Решение странката има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Влада на Република Македонија, за решавање во управна постапка во втор степен од областа на транспортот и врските и животната средина.

**МИНИСТЕР**
**Nurhan Izairi**

Изработил: Драган Павлоски

Одобрил: Виолета Дракуловска